РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-364/4
17-06-2024

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 6-та седница одржана на 10.06.2024 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

**СЕ ЗАПИРА** постапувањето по предметот заведен под број 09-364/1 од 24.01.2024 година против службеното лице _______________ од Куманово поради тоа што Државната комисија за спречување на корупцијата по утврдување на фактичката состојба, констатира дека не постои повреда на одредбите од член 44 став 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси .

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 09-364/1 од 24.01.2024 година е оформен по сопствена иницијатива на колегиум на ДКСК, одржан на ден 28.12.2023 година, согласно со член 17 став 1 точка 10 и 12 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, според кој Државната комисија ја евидентира и следи имотната состојба и интересите и врши проверка на податоците од поднесените изјави за имотна состојба и интереси.

Имено, по извршена проверка на поднесениот образец Изјава за интереси од страна на лицето _______________ со бр. 09-849/1 од 05.10.2022 година, Државната комисија утврдила дека лицето покрај тоа што ја врши функцијата В.Д. директор _______________, во исто време ја врши и функцијата член на Управниот одбор на ___________________-, што е во спротивност со членот 44 став 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Државната комисија за спречување на корупцијата со цел за проверка на податоците пријавени во образецот Изјава за интереси од страна на лицето ________________-, се обрати до наведеното лице со Известување и Барање на информација бр. 09-364/2 од 06.02.2024 година, за да ги прибави актите за избор/именување или разрешување од двете функции: В.Д. директор на ________________- и член на Управниот одбор на _______________________.

Врз основа на доставеното Известување бр. 09-364/3 од 14.02.2024 година од страна ________________, Државната комисија за спречување на корупцијата ДКСК констатира дека истиот не ја извршува функцијата член на Управниот одбор на ________________, односно со акт -Решение за разрешување бр.09-8826/23 од 06.12.2021 е разрешен од извршување на оваа функција.

Лицето __________________ од Куманово ја извршувал функцијата В.Д. директор __________________ од 09.09.2021 година, именуван со Решение од градоначалникот на општина ____________ бр. 08-7100/1 се до 17.11.2023 година, кога е именуван за директор на истото претпријатие со Одлука бр. 04-8672/6 од страна на Градоначалникот на Општина ________.

По утврдување на фактичката состојба, ДКСК утврди дека не е констатирана повреда на член 44 став (4) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, бидејќи лицето ______________________ не извршувал две функции во исто време, по што ДКСК нема елементи за натамошно постапување во предметниот случај.

Врз основа на се погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Претседател

Татјана Димитровска

По заклучок од седница на ДКСК:
Изготвил: Б.К – виш соработник
Контролирал: К.З - раководител
Одобрил: С.С.М - член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk